РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Скопје, 2026 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ

# Содржина


Услови и начин на пријавување на магистерскиот труд ........ 3

Образец за Пријава на тема за изработка на магистерски труд ........ 4

Подготовка на магистерскиот труд ........ 5

Постапка за оценување и одбрана на магистерскиот труд ........ 5

Одбрана на магистерскиот труд ........ 6

Прилог 1: Упатство за подготовка на магистерски труд ........ 8

Прилог 1.1.: Урнек на првите три страници ........ 26

# Услови и начин на пријавување на магистерскиот труд

- Студентот може да пријави магистерски труд со освоени најмалку 30 ЕКТС-кредити за едногодишните, односно најмалку 90 ЕКТС-кредити за двегодишните студии од втор циклус, или по положувањето на сите испити, во зависност како е утврдено со студиската програма.
  Пријавата за изработување на магистерскиот труд се поднесува во три примероци, преку архивата на Институтот до Научниот совет, по претходно дадено позитивно мислење на наставно-научниот колегиум на соодветната студиска програма, по положувањето на предвидените испити. Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата
  Одлука за прифатената тема за изработување на магистерскиот труд и за определување на менторот по предлог на наставно-научниот колегиум донесува Научниот совет на истата седница на која е прифатена темата.
  Менторот се определува од наставно-научните и научните работници од потесната научна област од која е пријавен трудот. Менторот е наставник вклучен во студиската програма каде што е запишан студентот.
  По образложено барање на кандидатот или менторот, Научниот совет може да донесе одлука за промена на менторот (*член 33 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).
    - Пријавата би требало да се состои од: работен наслов, вовед, применета методологија, предмет на истражувањето (со главни хипотези/истражувачки прашања), главна цел, очекувани резултати, план за работа и преглед на литература.

- Студентот е должен да го изработи и да го предаде магистерскиот труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрувањето на темата на магистерскиот труд. По барање на студентот, Научниот совет може да одобри продолжување на роковите од ставовите 1 и 2 на овој член, за времето додека траеле причините за спреченост за работа на стручниот, односно магистерскиот труд. По истекот на овој рок, студентот губи право да го брани пријавениот магистерски труд (*член 36 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

# Образец за Пријава на тема за изработка на магистерски труд

**До:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ПРИЈАВА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

На тема:

Наслов на англиски:

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на кандидатот** | |
| **Студиска програма на постдипломски студии** | |
| **Број на досие** | |
| **Генерација** | |
| **Предмети/положени испити/добиени оценки** | **1.**<br>**2.**<br>**3.**<br>**4.**<br>**5.**<br>**6.**<br>**7.** |
| **Електронска пошта** | |
| **Телефон** | |
| **Адреса** | |
| **Предлог-ментор** | |

На ден 00.00.202_, Скопје

Подносител,

## Подготовка на магистерскиот труд

- Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на кандидатот во кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивниот натамошен развој (*член 32 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

- Магистерскиот, односно стручниот труд се пишува на македонски јазик.
Доколку студиската програма се реализира на еден од светските јазици, магистерскиот, односно стручниот труд се пишува на соодветниот јазик со превод на македонски јазик (*член 41 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

**Деталното упатство за подготовка на магистерскиот труд следува во продолжение на овој документ, како Прилог 1.**

## Постапка за оценување и одбрана на магистерскиот труд

- По завршувањето на менторската фаза, односно по изработката на трудот, студентот доставува три примероци од магистерскиот труд.
По образложен предлог на менторот за завршена менторска фаза, на првата наредна седница на Научниот совет се формира комисија за оцена на магистерскиот труд од три члена.
Комисијата за оцена на магистерскиот труд е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки, во рок од 3 месеци од денот на формирањето на комисијата.
Комисијата може да му го врати на кандидатот трудот со забелешки на доработка најмногу 2 пати и му определува рок за постапување. Ако кандидатот не постапи по забелешките во утврдениот рок, постапката се запира, а на кандидатот му престанува статусот студент (*член 35 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

- Комисијата, во рок од 3 месеци од денот на одобрувањето на трудот, изготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот и го доставува до Научниот совет на Институтот.
  По усвојувањето на извештајот, на истата седница на Научниот совет се формира комисија за одбрана од 3 члена.
  Членовите на комисијата за оценка на магистерскиот труд можат да бидат и членови на комисијата за одбрана, доколку со закон не е утврдено поинаку.
  Комисијата за одбрана, во договор со кандидатот, го определува денот на одбраната, но најдоцна во рок од 30 дена од денот на нејзиното формирање. Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната.
  Откако е утврден терминот за одбрана, менторот има обврска во архивата на Институтот да достави известување за датумот и часот кога ќе се организира одбраната.
  Најмалку 7 дена пред одбраната, кандидатот треба да достави 5 примероци од магистерскиот труд во вкоричена форма.
  Одбраната може да се организира доколку од предавањето на известувањето од претходниот став на овој член се поминати најмалку 7 дена и доколку Стручната и административна служба потврди дека документацијата од студентското досие е комплетирана и студентот во целост ги исполнил финансиските обврски кон Институтот.
  По барање на кандидатот, рокот од став 4 на овој член може да се продолжи (*член 37 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

## Одбрана на магистерскиот труд

- Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла и на интернет-страницата на Институтот, најмалку 7 дена пред денот на одбраната (*член 38 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

- Одбраната почнува со воведно излагање на претседателот на комисијата за одбрана, во кое ги изнесува биографските податоци за кандидатот, ги запознава присутните со темата на стручниот, односно магистерскиот труд, како и со заклучокот од извештајот на комисијата за оценка. Првиот член на комисијата е претседател.

  По излагањето на претседателот на комисијата, на кандидатот му се овозможува, во траење (по правило) од 30 минути, да го изложи стручниот, односно магистерскиот труд со главните резултати од истражувањето.

По излагањето на кандидатот, прашања поставуваат членовите на комисијата. Прашања во врска со стручниот, односно магистерскиот труд можат да постават и другите присутни, во писмена форма и преку комисијата.

Кандидатот треба да покаже дека владее со темата на стручниот, односно магистерскиот труд и дека поседува продлабочени знаења од потесната научна област од која е стручниот, односно магистерскиот труд (*член 39 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

- По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на стручниот, односно магистерскиот труд. Оценувањето се врши со описни оценки: го одбранил стручниот, односно магистерскиот труд, не го одбранил стручниот, односно магистерскиот труд.

  За текот на одбраната се води записник, во кој се внесува оценката од одбраната. Записникот се потпишува од страна на членовите на комисијата.

  Пријавата за стручниот, односно магистерскиот труд со насловот на темата, составот на членовите на комисиите, извештајот и оценката од магистерскиот труд се приложуваат во досието на студентот (*член 40 од Универзитетски гласник бр. 558 од 20 август 2021 год., Одлука за правила на студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје*).

# ПРИЛОГ 1: УПАТСТВО ЗА ПОДГОТОВКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

## 2. МАГИСТЕРСКИ ТРУД

### 2.1. Фази на изработка на магистерски труд

Изработката на магистерски труд подразбира систематски редослед на активности што се одвиваат од изборот на тема до конечниот текст. Иако фазите претставуваат логичка низа, важно е да се спомене дека пишувањето не е последната фаза, туку се одвива паралелно со секој чекор од истражувачкиот процес. Исто така, изработката е итеративна – не е невообичаено оној што подготвува магистерски труд да се навраќа, повторно да ја прегледува литературата или да приспособува одредени аспекти од истражувачките прашања според новите сознанија во дадена област.

Главните фази на изработка на магистерски труд обично опфаќаат:

- **Избор и дефинирање на тема** – јасно определување на областа, темата и предметот на истражување и на неговите граници.

- **Формулирање на проблем, цели, истражувачки прашања и истражувачки хипотези** – прецизирање на тоа што ќе се истражува, кои аспекти и елементи ќе бидат опфатени, кои се целите и придонесот на истражувањето и кои резултати се очекуваат.
- **Преглед на литературата** – идентификување, анализа и критичка синтеза на релевантни извори што ја поддржуваат и ја поставуваат теоретската рамка на трудот.
- **Методолошки дизајн на истражувањето** – избор на методологија и на најсоодветните методски техники на прибирање податоци, дизајн на примерок и инструменти за истражувањето.
- **Спроведување на истражувањето** – прибирање податоци и нивно систематизирање.
- **Анализа и интерпретација** – обработка на податоците, тестирање на хипотезите и поставување врска со теоретската рамка.
- **Пишување и ревизија** – формулирање на конечниот текст, структурирање на целокупното истражување и на резултатите, аргументирање и усогласување со академските стандарди.

Овој редослед обезбедува јасна логика на работа, но секоја фаза влијае врз другите. Разбирањето на овие фази и на нивната меѓусебна поврзаност е клучно за соодветна академска подготовка и успешна изработка на магистерски труд.

За успешна изработка на магистерски труд, особено значајна улога има и менторот. Соработката меѓу студентот и менторот претставува суштински елемент на истражувачкиот процес, бидејќи задачата на менторот е да обезбеди стручна насока, методолошка поддршка и критичка повратна информација во сите фази на изработката и да го пренесе и сподели своето професионално искуство. Преку редовна комуникација и консултации, се овозможува навремено идентификување на потенцијални проблеми, пречки и предизвици, усогласување на истражувањето со академските стандарди и унапредување на квалитетот на конечниот труд. Затоа, успешната изработка на магистерски труд во голема мера зависи од активната и конструктивна соработка меѓу студентот и менторот.

### 2.2. Структура на магистерски труд

Магистерскиот труд претставува логички, смисловно и содржински заокружена целина, составена од повеќе меѓусебно поврзани делови. Секој дел има јасна функција во презентирањето на истражувањето и заедно придонесуваат кон разбирливо, аргументирано и научно засновано изложување на темата. Притоа, солидно изработена скица на трудот уште во почетната фаза значително придонесува за воспоставување на соодветна и прегледна структура, овозможувајќи логичен тек на изложувањето и појасна организација на истражувачкиот материјал.

#### 2.2.1. Насловна страница и содржина

Насловната страница ги содржи основните идентификациски податоци за магистерскиот труд. Таа треба јасно да ги прикажува официјалните податоци и да ги одразува институционалните обележја на високообразовната установа во чии рамки е изработен магистерскиот труд. Со својата содржина и со својот распоред, насловната страница го позиционира трудот во рамките на конкретната академска и институционална средина.

Содржината, пак, обезбедува систематски и прегледен приказ на структурата на трудот, со јасно наведени наслови, поднаслови и страници, овозможувајќи лесна ориентација и следење на логичкиот тек на истражувањето.

#### 2.2.2. Апстракт и клучни зборови

Апстрактот претставува краток и концизен преглед на содржината на магистерскиот труд, најчесто со утврден зборовен лимит. Неговата цел е на читателот да му овозможи брз увид во суштината на истражувањето. Во апстрактот се опфаќаат:

- ✓ предметот и целите на истражувањето;
- ✓ применетата методологија;

- најзначајните резултати;
- основните заклучоци;
- најзначајните ограничувања.

Апстрактот се пишува јасно, концизно и информативно, без цитирање извори и без детални образложувања. По апстрактот, се наведуваат неколку клучни зборови, кои ги отсликуваат тематиката и клучните поими на трудот и овозможуваат негово полесно индексирање и препознавање во научните бази на податоци.

### 2.2.3. Вовед

Воведот има задача да го воведе читателот во проблематиката на истражувањето и да ја оправда неговата научна и општествена релевантност. Во овој дел:

- се дефинира истражувачкиот проблем;
- се образложуваат значењето и актуелноста на темата;
- се формулираат целите и истражувачките прашања или хипотези;
- накратко се претставува структурата на трудот.

Добро структуриран вовед создава јасна рамка за целокупното истражување.

### 2.2.4. Теоретска рамка / Преглед на литературата

Овој дел ја поставува теоретската и концептуалната основа на истражувањето. Тој обично опфаќа:

- систематски преглед на релевантната стручно-научна литература;
- анализа на постојните теории, модели и претходни истражувања;
- идентификување на истражувачки празнини или нерешени прашања.

Целта не е само дескриптивен преглед, туку критичка анализа и поврзување на постојните сознанија со предметот и насоката на сопственото истражување.

### 2.2.5. Методологија на истражувањето

Методолошкиот дел го опишува начинот на којшто е спроведено истражувањето и обезбедува негова научна валидност. Во овој дел се објаснуваат:

- видот и дизајнот на истражувањето;
- примерокот или корпусот на истражувањето;
- инструментите и техниките за прибирање податоци;
- постапките за нивна анализа;
- етичките аспекти, доколку се релевантни.

Описот треба да биде доволно јасен и прецизен за да овозможи разбирање и потенцијално повторување (репликација) на истражувањето.

### 2.2.6. Резултати

Во овој дел се прикажуваат добиените резултати од истражувањето на јасен и систематичен начин, без нивна интерпретација. Резултатите можат да бидат прикажани текстуално, односно наративно, или со помош на табели, графикони и слики кога тоа придонесува за поголема прегледност и јасност, а во зависност од видот и карактерот на самото истражување.

### 2.2.7. Дискусија

Дискусијата претставува аналитички дел во којшто резултатите:

- ✓ се интерпретираат во контекст на истражувачките прашања или хипотези;
- ✓ се споредуваат со наодите од претходните истражувања;
- ✓ се анализира нивното теоретско и практично значење.

Овој дел ја демонстрира способноста на студентот за критичко размислување, аргументација и научна интерпретација.

### 2.2.8. Заклучок

Заклучокот обезбедува заокружување на истражувањето и содржи:

- ✓ синтеза на главните наоди;
- ✓ одговори на поставените истражувачки прашања;
- ✓ осврт на ограничувањата на истражувањето;
- ✓ препораки за идни истражувања.

Во заклучокот обично не се воведуваат нови податоци или извори, освен во исклучителни случаи кога тоа е неопходно за појаснување или заокружување на одреден аспект од истражувањето.

### 2.2.9. Користена литература

Во овој дел се наведуваат сите извори што се користени и цитирани во трудот, уредени согласно пропишаниот академски стил на цитирање, при што секо

високообразовна институција може да има определено сопствен или препорачан стил што студентите би требало да го почитуваат.

При изработката на магистерски труд, покрај користењето на релевантна класична литература како книги, монографии и други извори достапни во архиви и библиотеки, важно е да се прибегнува и кон актуелни извори достапни преку релевантни научни пребарувачи и специјализирани платформи и бази на податоци, кои овозможуваат слободен или платен пристап до рецензирани научни трудови, книги, документи и други академски извори. Некои од најчесто користените и релевантни пребарувачи/бази/платформи онлајн се:

- Web of Science (WoS) – платформа што овозможува пристап до повеќе бази на податоци што обезбедуваат податоци за референции и цитати од академски списанија, зборници од конференции и други документи во различни академски области и дисциплини;
- Scopus – база на висококвалитетни академски публикации од различни научни области;
- Google Scholar – пребарувач што индексира целосни текстови или метаподатоци од научна литература од различни области и дисциплини;
- EBSCOhost – платформа што обезбедува пристап до бази на податоци што нудат целосни текстови, дигитални архиви со историски материјали и сл.;
- ProQuest – платформа што обезбедува пристап до дисертации, електронски книги, весници, периодични изданија и сл.;
- Journal Storage (JSTOR) – дигитална библиотека на академски списанија, книги и примарни извори, која опфаќа дигитализирани претходни изданија, книги и други примарни извори, како и тековни изданија на списанија од подрачјето на општествените и хуманистичките науки.
- Directory of Open Access Journals (DOAJ) – отворена база на рецензирани академски списанија од различни области.

Изборот на конкретна база зависи од научното подрачје, областа и темата на истражувањето, како и од видот на информациите што се потребни за квалитетна и релевантна анализа.

Во научната и академската практика постојат повеќе стилови на наведување на користената литература (како што се APA, MLA, Chicago, IEEE, AMA итн.), кои се применуваат согласно научното подрачје и институционалните правила. Доследното

почитување на избраниот стил е неопходно за обезбедување на научна транспарентност и академска коректност.

### 2.2.10. Прилози (по потреба)

Прилозите содржат дополнителни материјали, како што се прашалници, подетални табели, попис на табели, графикони и слики, документи или други содржини што би го оптовариле главниот текст, но се важни за целосно разбирање на истражувањето.

## 2.3. Технички карактеристики на магистерски труд во рамките на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ)

### 2.3.1. Обем на трудот

За програмата 4 + 1, магистерскиот труд треба да има најмалку **60-80 страници**.

За програмата 3 + 2, магистерскиот труд треба да има најмалку **100-120 страници**.

Во обемот не се вклучуваат:

- Насловната страница;
- Страниците со содржината на трудот;
- Страниците со наведената користена литература.

### 2.3.2. Наслов на трудот

Насловот не смее да содржи: кратенки, загради или наводници (освен кога нивната употреба е оправдана и неопходна за точно и прецизно наведување на конкретно име, конкретен назив или наслов во рамките на целосниот наслов на трудот).

### 2.3.3. Формат и техничка подготовка

Трудот се изработува во компјутерска техника (Word), со македонска јазична поддршка.

- Фонт: **Times New Roman** или **Arial, Arial Narrow, Georgia, Verdana, Tahoma**.
- Големина на буквите:
  - Основен текст: **12 точки**, со **проред 1,5**
  - Фусноти: **10 точки**, со **проред 1**

- Текст во табели, графикони: **10 точки**, со **проред 1**
- Маргини:
  - Лева страна: **4 см**
  - Други страни: **не помалку од 2 см**
- Порамнување на текстот: **justified**
- Нумерирање на страниците:
  - Позиција: **долу десно** (броевите на страниците да бидат видливи од *Вовед*, па натаму)

### 2.3.4. Податоци и распоред на насловната и на првите три страници

① **Насловна страница**[1]

- Целосно име на Универзитетот
- Целосно име на Институтот
- Име, средна буква и презиме на авторот (без титули)
- Наслов на трудот
- Поднаслов на трудот (доколку го има)
- Вид на трудот: Магистерска теза
- Место и година

② **Прва страница по насловната**[2]

- Ментор: Звање, име и презиме
- Целосно име на Институтот, место
- Членови на комисијата: Звање, име и презиме
- Целосно име на Институтот, место

③ **Втора страница по насловната**

- Наслов на трудот
- Апстракт: **250-300 збора**
- Клучни зборови: **максимум 7**

④ **Трета страница по насловната**

- Наслов на трудот на англиски јазик
- Апстракт на англиски јазик: **250-300 збора**
- Клучни зборови на англиски јазик: **максимум 7**

### 2.3.5. Начин на наведување на табели, графикони и слики

- Табелите, графиконите и сликите се вметнуваат во рамките на текстот, со големина и сложеност соодветни на форматот на страницата.

[1] Се уредува според институционалниот урнек во прилог на ова упатство. **Податоците на насловната страница мораат да совпаѓаат со оние на предната корица на магистерскиот труд, односно насловната страница и предната корица треба да бидат идентични**.
[2] Се уредува според институционалниот урнек во прилог на ова упатство.

- Секоја табела, слика и секој графикон имаат реден број и наслов: насловот на табелите се става над табелата, а насловот на графиконите/сликите под нив

- Табелите, графиконите и сликите обично се поставуваат веднаш по пасусот каде што се споменати/коментирани; кога авторот се повикува на нив, се наведува (види: Табела 1); (види: Графикон 3); (види: Слика 8) и сл.
- Ако се преземени, задолжително се наведува изворот.

**Примери**:

**Табела 1**
*Наслов*

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |




**Графикон 1**
Наслов




**Слика 1**

Наслов

Извор: Институт за социолошки и политичко-правни-истражувања – Скопје. https://isppi.ukim.edu.mk/

### 2.3.6. Начин на наведување извори, цитирање и референцирање:

Во рамките на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, за изработка на магистерските трудови е усвоен стилот **АПА, поконкретно седмото издание (APA 7)**, поради неговата **јасност, систематичност и практичност при наведувањето извори** и поради неговата **доминантна употреба во рамките на општествените науки**.

- **Основни принципи**

- ✓ Секој цитат, односно секое тврдење од друг автор што е споменато во магистерскиот труд (цитирано или парафразирано) треба да биде придружено

со јасно назначување на изворот во загради во рамките на текстот на магистерскиот труд и сите извори треба јасно и прецизно да бидат наведени во делот на користената литература.

- ✓ Препорачливо е секогаш да се најде и да се користи оригиналниот извор. Доколку е неизбежно да се користи секундарно цитирање (тврдења на еден автор што се цитирани/парафразирани кај друг автор и преземени оттаму), мора да се наведат и оригиналниот автор и годината на оригиналното цитирање и изворот во којшто е најден цитатот.
- ✓ Цитирањето извори се врши во самиот текст, според системот автор-година (дополнително со број на страница за директно цитирање).
- ✓ Фуснотите не се користат за библиографско наведување, туку само за дополнителни појаснувања, коментари или информации што не се суштински за основниот тек на текстот.
- ✓ Кога еден извор се користи повеќе пати, не треба да се користат форми како „ibid“ или „op. cit.“.
- ✓ Листата на користена литература вклучува само извори што се цитирани или парафразирани во текстот, а не целокупна библиографија на консултирани извори што не се наведени директно.

## ➢ Цитирање во текстот

- ✐ **Генерално автор-година**: До двајца автори се наведуваат со нивните презимиња, а над двајца автори со презимето на првиот автор и со додавање „и др.“ или „et al.“ → (Gerbner, 1985); (Стојановски, 2024); (Gerbner & Gross, 1976); (Стојановски и Петревска, 2021); (Gerbner et al., 1989); (Стојановски и др., 2025)
- ✐ **За директни цитати**: (Gerbner, 1985, p. 17) или Gerbner & Gross, 1976, pp. 3-5); (Стојановски, 2024, стр. 2) или (Стојановски и др., 2025, стр. 8-10, 12)
- ✐ **Организација како автор**: (Државен завод за статистика, 2023) или (ДЗС, 2023); (UNICEF, 2021).
- ✐ **Непознат автор**: Се користи насловот или првите неколку зборови од насловот доколку е долг, во наводници („Synonyms for Online Environment,“ 2024) или („Проблематична употреба на интернет...“, 2025).
- ✐ **Непозната година**: Се користи n.d. (no date) → (Williams, n.d.)

- **Повеќе извори од ист автор и иста година**: Се додаваат букви според редоследот на појавување во текстот → (Hall, 2024a), (Hall, 2024b) итн.
- **Повеќе трудови во една заграда**: (Domahidi et al., 2014; Valkenburg & Peter, 2007; Kuss, 2011; Петревски и др., 2006)
- **Парафразирање**: Според Гербнер (Gerbner, 1985), гледањето телевизија влијае… или Како што се спомена и претходно, Гербнер (1985)[3] за телевизија вели...; Како што истакнуваат Стојановски и Петревска (2021), податоците покажуваат...; Извештајот на СЗО (WHO[4], 2020) укажува на... или во Извештајот на СЗО (2020) наведен во претходниот дел...
- **Цитати подолги од 40 збора →** се издвојуваат во посебен вовлечен пасус, со големина на букви од 10 точки
- **Секундарно цитирање**: (Wembley, 1997, as cited in Olsen, 1999) → во листата на користена литература се наведува користениот извор Olsen, M. (1999). *My career*. Gallimard; (Петревска, 2009, според Стојановски, 2010)

➢ **Листа на користена литература**

- Листата почнува на нова, посебна страница по главниот текст на магистерскиот труд, насловена како: Користена литература.
- Изворите се нумерираат и се наведуваат со целосни податоци и се подредуваат азбучно, според првата буква од презимето на авторот (или името на организацијата или првиот збор од насловот доколку нема класичен автор).
- Секаде каде што е можно, препорачана е употреба на ДОИ (Digital Object Identifier – DOI).
- Со оглед на тоа дека магистерските трудови во рамките на ИСППИ се примарно на македонски јазик, може да има една листа со сите извори според азбучен или абецеден ред или две листи – една со кирилични извори (азбучно), а една со латинични извори (абецедно), но стилот што ќе се одбере мора да биде конзистентен и

---

[3] Во вакви случаи, презимето на авторот во оригинал се наведува само при првото негово споменување, а при следните употреби во текстот, доволно е да се наведе само транскрибираното презиме на македонски со соодветната година (и евентуално страниците за директните цитати) на делото во загради.
[4] Исто, во контекст на називот на организацијата во оригинал.

нумерирањето да биде континуирано, а не прекинато доколку станува збор за две листи.

- Ако еден автор е цитиран повеќе пати, изворите се подредуваат хронолошки според годината на издавање (од најдалечна до најскорешна); ако годината е непозната, се користи n.d.
- Листата мора да ги содржи сите референции наведени во текстот, и обратно.
- Според АПА7, веќе не е потребно да се наведува датум на пристапување за интернет-страници, освен ако изворот е динамичен и очекувано е да се менува (на пример: онлајн-речници, статистички бази и сл.).
- **Примери за наведување на различни типови извори** (на англиски, според оригиналните примери за АПА7[5]):

**Authored Book**

Kaufman, K. A., Glass, C. R., & Pineau, T. R. (2018). *Mindful sport performance enhancement: Mental training for athletes and coaches.* American Psychological Association. https://doi.org/10.1037/0000048-000

**Edited Book Chapter**

Zeleke, W. A., Hughes, T. L., & Drozda, N. (2020). Home–school collaboration to promote mind–body health. In C. Maykel & M. A. Bray (Eds.), *Promoting mind–body health in schools: Interventions for mental health professionals* (pp. 11–26). American Psychological Association. https://doi.org/10.1037/0000157-002

**Journal Article**

Edwards, A. A., Steacy, L. M., Siegelman, N., Rigobon, V. M., Kearns, D. M., Rueckl, J. G., & Compton, D. L. (2022). Unpacking the unique relationship between set for variability and word reading development: Examining word- and child- level predictors of performance. *Journal of Educational Psychology*, *114*(6), 1242-1256. https://doi.org/10.1037/edu0000696

**Online Magazine Article**

Thomson, J. (2022, September 8). Massive, strange white structures appear on Utah's

[5] **Повеќе детали и примери на следниот** линк.

Great Salt Lake. *Newsweek*. https://www.newsweek.com/mysterious-mounds-great-salt-lake-utah-explained-mirabilite-1741151

**Print Magazine Article**

Nicholl, K. (2020, May). Aroyal spark. *Vanity Fair*, *62*(5), 56–65, 100.

**Online Newspaper Article**

Bernstein, J. (2024, June 3). The man who couldn't stop going to college. *The New York Times*. https://www.nytimes.com/2024/06/03/magazine/benjamin-bolger-college-harvard-yale.html

**Print Newspaper Article**

Reynolds, G. (2019, April 9). Different strokes for athletic hearts. *The NewYork Times*, D4.

**Legislation**

*Children Act 1989*, c. 41. https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1989/41

*Pepper (Inspector of Taxes) v. Hart*, [1993] AC 593. http://www.bailii.org/uk/cases/UKHL/1992/3.html

*Law on audio and audiovisual media services*. *Official Gazette of the Republic of Macedonia*, No. 184/2013… 198/2025.

**Blog Post**

Rutledge, P. (2024, April 23). Are tweens too young for digital literacy? *Dr. Pam: Living With Media.*

https://www.pamelarutledge.com/are-tweens-too-young-for-digital-literacy/

**Online Dictionary Entry**

American Psychological Association. (2018). Internet addiction. In *APA dictionary of psychology*. https://dictionary.apa.org/internet-addiction

**Report by a Group Author**

World Health Organization. (2014). *Comprehensive implementation plan on maternal, infant and young child nutrition*. https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/113048/WHO_NMH_NHD_14.1_eng.pdf?ua=1

**Report by Individual Authors**

Winthrop, R., Ziegler, L., Handa, R., & Fakoya, F. (2019). *How playful learning can help leapfrog progress in education*. Center for Universal Education at Brookings. https://www.brookings.edu/wp-content/ uploads/2019/04/how_playful_learning_can_help_leapfrog_progress_in_education.pdf

**Press Release**

American Psychological Association. (2024, April 11). *People who use willpower alone to achieve goals, resist temptation, deemed more trustworthy* [Press release]. https://www.apa.org/news/press/ releases/2024/04/people-who-use-willpower

**Conference Session**

Davidson, R. J. (2019, August 8–11). *Well-being is a skill* [Conference session]. APA 2019 Convention, Chicago, IL, United States. https://irp-cdn.multiscreensite.com/a5ea5d51/files/uploaded/APA2019_ Program_190708.pdf

**Dissertation from a Database**

Horvath-Plyman, M. (2018). *Social media and the college student journey: An examination of how social media use impacts social capital and affects college choice, access, and transition* (Publication No. 10937367)[Doctoral dissertation, New York University]. ProQuest Dissertations and Theses Global.

**Preprint Article**

Latimier, A., Peyre, H., & Ramus, F. (2020). *A meta-analytic review of the benefit of spacing out retrieval practice episodes on retention*. PsyArXiv. https://psyarxiv.com/kzy7u/

**Data Set**

O’Donohue, W. (2017). *Content analysis of undergraduate psychology textbooks* (ICPSR 21600; Version V1) [Data set]. Inter-university Consortium for Political and Social Research. https://doi.org/10.3886/ ICPSR36966.v1

**Film or Video**

Docter, P., & Del Carmen, R. (Directors). (2015). *Inside out* [Film]. Walt Disney Pictures; Pixar

Animation Studios.

**TV Series Episode**

Dippold, K. (Writer), & Trim, M. (Director). (2011, April 14). Fancyparty(Season 3, Episode 9) [TV series episode]. In G. Daniels, H. Klein, D. Miner, & M. Schur (Executive Producers), *Parks and recreation*. Deedle-Dee Productions; Fremulon; 3 Arts Entertainment; Universal Media Studios.

**Webinar**

Lee, C., McAdoo, T., & Denneny, S. (2023). *APA Style seventh edition refresher for instructors* [Webinar]. American Psychological Association. https://apastyle.apa.org/instructional-aids/tutorials-webinars

**YouTube Video**

Above The Noise. (2017, October 18). *Can procrastination be a good thing?* [Video]. YouTube. https://www.youtube.com/watch?v=FQMwmBNNOnQ

**Song or Track**

Nirvana. (1991). Smells like teen spirit [Song]. On *Nevermind*. DGC.

**Radio Broadcast**

Hersher, R. (2020, March 19). *Spring starts today all over America, which is weird* [Radio broadcast]. NPR. https://www.npr.org/2020/03/19/817237429/spring-starts-today-all-over america-which-is-weird

**Podcast Episode**

Santos, L. (Host). (n.d.) Psychopaths and superheroes (No. 1) [Audiopodcast episode]. In *The happiness lab with Dr. Laurie Santos*. Pushkin Industries. https://www.happinesslab.fm/season-2-episodes/ episode-1

**Infographic**

American Psychological Association. (n.d.). *Data sharing* [Infographic]. https://www.apa.org/pubs/journals/data-sharing- infographic.pdf

**PowerPoint from a Classroom Website**

Mack, R., & Spake, G. (2018). *Citing open source images and formatting references for presentations* [PowerPoint slides].
Canvas@FNU. https://fnu.onelogin.com/login

**Social Media Post**

Obama, B. [@BarackObama]. (2024, May 17). *Today marks 70 years since the Supreme Court handed down its landmark decision in Brown v. Board of Education, outlawing* [Post]. X. https://x.com/ BarackObama/status/1791540592238874953

**Open Educational Resource**

Fagan, J. (2024, February 7). *Nursing clinical brain*. OER Commons. Retrieved June 2, 2024, from https://www.oercommons.org/authoring/53029-nursing-clinical-brain/view

**Webpage**

Taras, Z. (2024, May 30). *Situational irony can be funny, tragic or even terrifying.* Howstuffworks. https:// entertainment.howstuffworks.com/arts/literature/situational-irony.htm

**Webpage on a News Website**

Volpe, A. (2024, June 3). *How the self-care industry made us so lonely.* Vox. https://www.vox.com/even- better/350424/self- care-isolation-loneliness-epidemic

**Webpage with a Retrieval Date**
Worldometer. (n.d.). *Current world population*. Retrieved June 27, 2024, from https://www.worldometers.info/world-population/

✐ **Пример за листа на користена литература**:

**Користена литература**


1. Couldry, N., & Hepp, A. (2022). Media and the Social Construction of Reality. In D. A. Rohlinger & S. Sobieraj (Eds.), *The Oxford Handbook of Digital Media Sociology* (pp. 27–39). Oxford University Press. https://doi.org/10.1093/oxfordhb/9780197510636.013.2
2. Државен завод за статистика. (2024). Користење информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и од поединците, 2024 година. https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/8.1.24.32_mk.pdf
3. Livingstone, S., Nandi, A., Banaji, S., & Stoilova, M. (2017). *Young adolescents and digital media: uses, risks and opportunities in low- and middle-income countries: a rapid evidence review*. GAGE. https://eprints.lse.ac.uk/83753/1/Livingstone_Young_Adolescents_Digital_Media.pdf
4. Марковиќ, М., Серафимовска, Е., Блажевски, И., и Конеска-Василевска, Т. (2025). *Проблематична употреба на интернет кај младите во Македонија – истражувачка студија*. Институт за социолошки и политичко-правни истражувања. https://isppi.ukim.edu.mk/izdavastvo/istrazuvacki-studii/problematicna-upotreba-na-interne t-kaj-mladite-vo-makedonija-2025
5. McLuhan, M. (1978). The brain and the media: the “Western” hemisphere. *Journal of Communication, 28*(4), 54–60. https://doi.org/10.1111/j.1460-2466.1978.tb01656.x
6. Mesch, G. S. (2019). Online and offline relationships. In T. Burns & F. Gottschalk (Eds.), *Educating 21st Century Children: Emotional Well-being in the Digital Age, Educational Research and Innovation* (pp. 91–101). OECD Publishing. https://doi.org/10.1787/b7f33425-en
7. National Museum of Australia. (n.d.). *The fight for civil rights*. https://indigenousrights.net.au/civil_rights
8. Oldenburg, R. (1999). *The Great Good Place*. Marlowe & Company. https://robotix.ahoui.org/user_docs/2203/greatgoodplace-ch1-2.pdf
9. Поп Зариева, Н., и Илиев, К. (2015). Влијанието на интернетот врз јазичната култура, когнитивниот и академскиот развој на младите. *Годишен зборник, 6*(6), 39-46. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFP/ar
10. Србиновски, А. (2021, 31 ноември). Младината непродуктивно сурфа на интернет. Нова Македонија. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B5%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B4%D1%83%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D1%83%D1%80%D1%84%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82/

11. The Economic Times. (2024). ‘Zuckerberg, what the hell were you thinking?’: Ted Cruz grills Meta CEO on Instagram’s child safety [Video]. YouTube. https://www.youtube.com/watch?v=x7Cz_gOkA_E
12. UNICEF. (2018, June). *UNICEF for Every Child: Annual Report 2017*. https://www.unicef.org/media/47861/file/UNICEF_Annual_Report_2017-ENG.pdf
13. What is the Difference Between Strategic Communication and Communication Strategy? (n.d.). https://aliarp.com.br/en/2024/10/04/what-is-the-difference-between-strategic-communication-and-communication-strategy/

**ПРИЛОГ 1.1.: УРНЕК НА ПРВИТЕ ТРИ СТРАНИЦИ**

---

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ**

---

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО ______________________

Магистерски труд на тема:

**(BOLD, ALL CAPS LOCK, CENTERED)**

Ментор: Кандидат:

проф. д-р

Скопје, 202_ година

## ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**Ментор:** проф. д-р ______________________

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје

**Членови:** проф. д-р ___________________

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје

проф. д-р ___________________

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје

Постдипломски студии по ___________________

# АПСТРАКТ

Клучни зборови:

# ABSTRACT

Key words:

# Содржина

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ........ 2
АПСТРАКТ ........ 3
ABSTRACT ........ 4

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА – СКОПЈЕ

**Подготвиле:**

Доц. д-р Милка Димитровска

Ас. д-р Теа Конеска-Василевска

Бојана Маркова Костадиновска (виш соработник за студентски прашања)

**Напомена:** При подготовката на ова упатство, земени се предвид соодветните правилници, како и институтската интерна скрипта „Академско пишување“, подготвена од проф. Анета Цекиќ и проф. Марија Топузовска Латковиќ.